Врз основа на член 64 став 5 од од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 91/2008, 119/2010 и 23/2013), а во врска со член 9-б од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија„ бр. 7/05,103/08,124/10 и 135/11, 43/14,153/15 и 99/16), генералниот секретар на Собранието на Република Македонија донесе

# ПРАВИЛНИК

# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ ВИДЕО НАДЗОР

# НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на вршење на видео надзорот на Собранието на Република Македонија (во понатамошниот текст - Собранието).

## Член 2

Видео надзорот на Собранието се врши заради заштита на животот и здравјето на пратениците, вработените и другите лица во Собранието, заштита на имотот кој го користи Собранието и контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории на Собранието.

## Член 3

Видео надзорот се врши со опрема која се состои од камери и монитори. Системот за видео надзорот се наоѓа во просториите на Собранието.

## Член 4

Во просториите на Собранието во кои се врши видео надзорот, се истакнува известување во кое се содржани информации за вршењето на видео надзорот.

Известувањето од став 1 на овој член е во Прилог број 1 на овој Правилник.

## Член 5

Видео надзорот на Собранието се врши преку камери кои емитуваат слика во боја и се поставени за обезбедување на надворешен и внатрешен периметар на зградата на Собранието.

**Член 6**

Овластување за вршење на видео надзор дава генералниот секретар на Собранието. Операторот на видео надзорот е должен да потпише изјава за заштита на личните податоци до кои ќе дојде во текот на видео надзорот.

**Член 7**

Видео надзорот на Собранието го врши Министерството за внатрешни работи кое е надлежно за обезбедување на лица и објекти од значење за државата.

**Член 8**

Операторот на видео надзорот е должен да води дневник за неочекуваните настани кои што ќе ги регистрира при видео надзорот.

Записите од став 1 на овој член, овластениот оператор ги евидентира во дневникот и ги потврдува со свој потпис.

Во случај на појава на неочекувани настани, операторот на видео надзорот го известува генералниот секретар.

**Член 9**

Во Собранието не се врши видео надзор и снимање на материјали.

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила со неговото објавување на огласната табла во Собранието. Овој правилник ќе се објави и на веб страната на Собранието на Република Македонија.

**Генерален Секретар на Собранието на Република Македонија**

**Жарко Денковски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Собрание на Република Македонија СКОПЈЕ

Број 01 - 5066/1
22.12 2016 година

# Просторот е под видео надзор



**Контролор:** СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Информации:** 02/3113-098

Одобрено од Дирекцијата за заштита на личните податоци

Поддршка на Дирекцијата за заштита на личните податоци

Проектот е финасиран од Европската унија

Дирекција за Заштита на Личните Податоци

ул. Самоилова бр.10, Скопје
тел. 02 3230 635
e-mail: info@dzlp.mk